ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2018 ГОДИНА НА
# ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
# ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - ТЕТОВО
# СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ (737)

01 2019 06 6/1

Скопје, август 2019

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 14 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 15 |
| Биланс на состојба | 16 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 17 - 19 |
| - Основни сметководствени политики | 19 - 20 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 20 - 21 |

Кратенки користени во извештајот:

**ЈЗУ** – Јавна здравствена установа;
**Центар** – ЈЗУ Центар за јавно здравје;
**ФЗОМ** – Фонд за здравствено осигурување на Македонија;
**ЗЈФН** – Закон за јавна внатрешна финансиска контрола;
**ЗЈН** – Закон за јавни набавки.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 17 – 142/8

Дата: 27.08.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Центар за јавно здравје - Тетово (во понатамошниот текст – Центар) на сметката за средства од Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2018 година.

За финансиските извештаи на Центарот за 2018 година ревизијата се воздржа од давање мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и резултатот на финансиските активности, и неповолно мислење за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за оваа сметка на Центарот за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2018 година констатирано е дека:

- не е донесен статутот и актите за внатрешна организација и систематизација на работните места и истите имаат влијание на начинот на пресметка на платите;
- утврдени се недоследности при пресметка и исплата на плати;
- воспоставениот електронски систем на евиденција на работно време не се користел при пресметка и исплата на плата за контрола и анализа на редовноста на користење на работно време од страна на вработените;
- не е воспоставен Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ;
- не е распишан конкурс за именување на директор;

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор заведен под број 17 – 142/4 од 04.07.2019 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 15 до 16 заедно со ревизија на усогласеност на Центарот на сметката за средства од фондот, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за усогласеност со закони и прописи на Центарот, за годините кои и претходат на годината кој е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Центарот застапувана од:

- Д-р Африм Шехапи - вршител на должноста директор од 04.08.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Заради прашањата опишани во точките 3.1.2. и 3.1.3. кои се однесуваат не неизвршено усогласување на Статутот на Центарот и не донесени акти за организација и систематизација на работните места ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази (за преовладувачките износи во Билансот на приходи и расходи / расходи за бруто плати) за да обезбедиме основа за изразување на мислење на ревизијата..

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

**2.2.** Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 06.03.2019 до 17.05.2019 година кај ЈЗУ Центар за јавно здравје- Тетово од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 31 мај 2018 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор заведен под број 17 – 142/4 од 04.07.2019 година.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Со увид во начинот на пресметка и исплата на плата и прекувремена работа од страна на ревизијата се констатирани следните состојби:

- Според одредбите на член 92 од Законот за административни службеници и член 117 од Законот за работни односи административниот службеник кој бил ангажиран да работи подолго од полното работно време има право на онолку слободни часови, односно денови, колку што бил ангажиран за работата надвор од редовното работно време. Слободните часови, односни денови од тековниот месец административниот службеник ги користи до крајот на наредниот месец, по месецот во кој бил ангажиран.

  Прекувременото ангажирање на вработените е регулирано и со одредбите на член 215 од Законот за здравствена заштита во кои се наведени случаите за продолжување на давање на здравствени услуги, доколку здравствениот работник писмено се согласил, а работодавачот е должен да воспостави евиденција за прекувремените часови.

  Во Центарот не е донесена процедура со која ќе се регулира начинот на организирање, евиденција и контрола на прекувремената работа и

следење на оправданоста од прекувременото ангажирање на вработените согласно потребите на Центарот, и начинот на пресметка на исплата на прекувремени часови или одобрување на слободни денови за ангажирањето на вработените за надоместување на прекувремена работа. Утврдивме дека по овој основ во текот на годината се ангажирани вработени во одредени служби за работа на терен надвор од редовното работно време, каде што Центарот за секој 1 (еден) час прекувремена работа, му пресметува и одобрува на вработениот 1,5 (еден и половина) час слободен ден сразмерно на кумулирани работни часови за извршена прекувремена работа, што не е во согласност со претходно наведените одредби;

- Центар за јавно здравје има воспоставено електронски систем за евиденција на работното време. Од извршените разговори со одговорните лица и увидот во документацијата за исплата на плати утврдивме дека во текот на 2018 година не е обезбедено негово целосно функционирање, односно податоците на истиот не се користени при пресметка и исплата на платите на вработените (редовно работно време, прекувремена работа) заради контрола и анализа на редовноста на вработените;
- Согласно член 92-д од Законот за здравствена заштита во Центарот не е имплементиран Централниот систем за евиденција на работното време воспоставен од Министерството за здравство, ниту е назначено овластено лице за проверка и следење на електронскиот систем за евиденција. Утврдените состојби влијаат на потврдување на точноста на податоците за работното време на вработените и контрола на пристапот до просториите на Центарот;
- Согласно Правилникот за начинот на утврдување на износот на средствата за исплата на плати, составување на пресметките и доставување на пресметките до Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, работодавачите треба да пополнуваат Образец МБП за пресметка на средства за исплата на плати за секој месец, од страна на ревизијата утврдено е дека во текот на 2018 година не е доставено до надлежното министерство - Управа за јавни приходи, пресметка на средства за исплата на плати (образец МБП);
- Во делот на исплата на плати утврдивме дека кај 2 (двајца) вработени коефициентот на сложеноста за исплата на плата не е во согласност со степенот на стручно образование и колективниот договор за здравствената дејност.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за административни службеници, Законот за здравствена заштита, Законот за работни односи, Правилникот за начинот на утврдување на износот на средствата за исплата на плати, составување на пресметките и доставување на пресметките до Министерството за финансии-Управа за јавни приходи и создава несоодветно постапување и несигурност во начинот на користење на

слободните часови на име ангажирање подолго од полното работно време и пресметка на платите на вработените.

**Препорака**

- Одговорното лице на Центарот да преземе мерки за донесување процедура со која ќе се регулира начинот на организирање, евиденција и контрола на прекувремената работа и следење на оправданоста од прекувременото ангажирање на вработените согласно потребите на Центарот;
- Одговорното лице на Центарот во соработка со надлежното министерство да преземе мерки за имплементација на наведениот систем и негова целосна примена при пресметка и исплата на плати на вработените и овластување на лице за вршење проверка и следење на електронскиот систем за евиденција согласно Законот за здравствена заштита и Правилникот за начинот и водењето на електронската евиденција на работно време;
- Одговорното лице на ЈЗУ Центар за јавно здравје да постапи согласно Правилникот за начинот на утврдување на износот на средствата за исплата на плати, составување на пресметките и доставување на пресметките до Министерството за финансии - Управа за јавни приходи;
- Одговорното лице да изврши усогласување на коефициентите за сложеноста на вработените согласно Колективниот договор за здравствена дејност.

3.1.2. Согласно член 22 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, здравствените установи имаат обврска да извршат усогласување на статутот и внатрешните акти за организација и систематизација на работните места со одредбите на законот најдоцна до 01.09.2014 година. Со извршената ревизија констатираме дека Статутот на Центарот е донесен и усвоен од страна на Управниот одбор во 2009 година, кој досега има повеќе измени и дополнувања. Заклучно со мај 2019 година истиот не е усогласен со одредбите од овој закон кои се однесуваат на застапувањето и претставувањето, дејноста и внатрешна организациона поставеност на Центарот.

Од страна на Центарот изготвена е работна верзија на Статут врз основа на модел изработен од Министерство за здравство, кој во месец јули 2015 година во електронска форма е доставен на разгледување и давање мислење за конечна верзија на истиот, до Министерството за здравство но до денот на ревизијата сеуште не е добиена согласност односно насоки за постапување. Со писмо број 03 – 839/1 од 29.11.2016 година Центарот се обраќа до Министерството за здравство за „Барање на согласност за Статут – ургенција“, но не е добиен повратен одговор.

По укажување на ревизијата од страна на Центарот до Министерство за здравство доставена е барање бр.03-436/1 од 03.06.2019 година со кое се бара во најкраток можен рок надлежното министерство да даде согласност на Статутот, кој е неопходен за донесување на Правилникот за внатрешна организација на работните места и Правилникот за систематизација на работните места.

Утврдената состојба влијае работењето на Центарот да не е усогласено со одредбите на Законот за здравствена заштита, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административните службеници, и оневозможува преземање на активности за изработка на актите за внатрешна организација и систематизација.

**Препорака**

Одговорното лице на Центарот да продолжи со активностите за обезбедување на согласност на статутот од страна на надлежното министерство.

3.1.3. Внатрешната организација на работата на Центарот е утврдена врз основа на Правилникот за организација на работа и систематизација на работните места од 2010 година, а своите задачи и работи утврдени со статутот ги обавува преку организационите единици оддели и отсеци.

Имајќи во предвид дека за Статутот на Центарот не е обезбедена согласност од надлежното министерство, ревизијата констатира дека Правилникот за организација на работа и систематизација на работните места во Центарот во известувачкиот период не е усогласен со Законот за административни службеници, Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за здравствена заштита, Законот за работни односи, Правилникот за делокруг на работа за внатрешните организациони единици и минималниот број извршители по внатрешните организациони единици во зависност од видот на дејноста што ја врши здравствената установа и колективниот договор. Постапувајќи согласно одредбите на член 17 од Законот за вработени во јавниот сектор Центарот пристапува кон изработка на драфт верзија на Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места но поради отсуство на согласност на Статутот истите не се донесени и проследени на понатамошно постапување од надлежните министерства.

Утврдената состојба предизвикува начинот на организација и систематизација на работните места да не е усогласен со законските акти, отсуство на можноста за генерирање на Регистар на вработени во јавниот сектор согласно член 18 од Законот за вработени во јавниот сектор а исплатата на плата на вработените да се исплатува согласно одредбите на Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија кој не е усогласен со одредбите на Законот за здравствена заштита и влијае на начинот на пресметка на плати. Исплатените плати на вработените во Центарот учествуваат со 100% во вкупните расходи на Билансот на приходи и расходи за

2018 година.

**Препорака**
Одговорното лице по добивање на согласност на Статутот од надлежното министерство да продолжат со активностите за обезбедување на потребните согласности од надлежните органи и пристапат кон донесување на Правилникот за организација и Правилникот за систематизација на работните места.

3.1.4. Со решение од министерот за здравство во месец август 2017 година како работоводен орган на Центарот именуван е вршител на должноста директор со мандат не подолго од 6 (шест) месеци, кој ја извршува оваа функција заклучно до денот на ревизијата 2019 година. Во известувачкиот период не е пристапено кон склучување на менаџерски договор за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу вршителот на должност директор и работодавачот.

Управниот одбор на Центарот не постапил согласно член 108 од Законот за здравствена заштита, според кој требало да донесе одлука за распишување на јавен конкурс за избор на работоводен орган.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за здравствена заштита и предизвикуваат отсуство на уредување на меѓусебните права и обврски на директорот и работодавачот.

**Препорака**
Управниот одбор да донесе одлука за распишување на јавен конкурс за именување на работоводен орган (директор), а по спроведување на истиот да достави известување до Министерството за здравство, со цел именување на директор на центарот и склучување на менаџерски договор.

3.1.5. Согласно член 92-г од Законот за здравствена заштита министерот за здравство е должен да го воспостави Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ, кој треба да овозможи побрзо, полесно и правилно донесување на одлуки во управувањето со финансиите и останатите работни процеси во ЈЗУ, следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во ЈЗУ. Согласно одредбите од овој закон ЈЗУ се задолжени да воведат редовна евиденција на потрошокот на медицински материјал класифициран по пациент, по упат и по здравствен работник, односно здравствен соработник и задолжителна евиденција на залихите на медицинските материјали во главното депо и во сите помошни депоа на лекови, а заради непречено функционирање на овој систем ЈЗУ се задолжени да обезбедат софтверска апликација која ќе овозможува непрекината двонасочно комуникација и размена на податоци со Националниот систем. Од информациите добиени од раководството на Центарот констатиравме дека не се започнати активности за

воспоставување на системот, односно за исполнување на наведените обврски, и истиот до денот на ревизијата не е имплементиран во работењето на Центарот, што влијае на достапноста на потребните податоци кои треба да ги генерира наведениот систем.

**Препорака**
Одговорното лице на Центарот во соработка со надлежното министерство да преземат активности за имплементација на Националниот систем за материјално - финансиско и сметководствено работење .

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 3.1., кои се основ за воздржување од мислење, односно неповолно мислење се :
- неизвршено усогласување на Статутот на Центарот;
- недонесени акти за внатрешна организација и систематизација на работните места, кои имаат директно влијание на начинот на пресметување и исплата на платите на вработените во Центарот и претставуваат преовладувачка ставка во Билансот на приходи и расходи;
- недоследности во начинот на регистрирање на работното време и пресметка на плата.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата објаснети во точките , 3.1.2 и 3.1.3. ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизија. Следствено ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје Тетово кои беа предмет на ревизија.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје Тетово, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Врз основа на одредбите од Законот за здравствено осигурување, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија склучил договор со Центарот во кој се регулираат односите помеѓу Фондот и Центарот за обезбедување и извршување на здравствените услуги на осигурените лица, начинот на фактурирање и начинот на плаќање на извршените услуги. Со оглед на тоа дека склучениот договор ги лимитира средствата кои се очекуваат да се добијат од страна на Фондот за здравствено осигурување, и износот на вкупните реализирани средства искажани во месечните извештаи, ревизијата констатира дека не се врши вистинско вреднување на извршените здравствени услуги.

Согласно Договорот со Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија буџетот за 2018 година изнесува 25.364 илјади денари. Во текот на годината, Центарот има извршено здравствени услуги на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија во вкупен износ од 36.526 илјади денари при што повеќе се извршени здравствени услуги од 11.162 илјади денари од договорениот износ, кои се искажани во посебен извештај согласно одредбите од Договорот со Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија и се евидентирани во вонбилансна евиденција на установата.

Ваквата состојба на повеќе извршени услуги од страна на здравствената установа, а без притоа да бидат наплатени, го доведува во прашање нормалното функционирање на институцијата и редовно сервисирање на обврските кои произлегуваат од извршените услуги за кои се потрошени ресурси.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно одредбите на член 13 – а и 13 – б од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 93/17, 101/19) и одредбите на член 14 и 15 од Законите за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18) утврдените се: категориите, нивоата, групите и подгрупите на работните места во јавниот сектор. Во делот 5 – а од Законот за здравствена заштита членовите 155 – а до 155 – е, се врши класификација на работните места и се утврдуваат категориите и нивоата на работните места за давателите на јавни услуги и се утврдуваат подгрупите за помошно техничките лица. Со претходно наведените законски акти не е утврдена основната компонента за утврдување на платата на вработените во јавниот сектор вклучувајќи ги и Јавните здравствени установи[1].

Ревизијата изврши споредување на наведените одредби со одредбите на Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија во Делот плата за извршена работа со што констатира дека не постои усогласеност помеѓу

[1] Член 219 од Закон за здравствена заштита (Основната плата се определува во зависност од барањата на работното место за кое здравствениот работникот склучил договор за вработување и степенот на сложеност утврден во колективен договор и во зависност од работната успешност определена според колективен договор).

наведените одредби од Законот за здравствена заштита и наведениот колективен договор.

Имајќи во предвид дека не се преземени активности за:

- донесување и усогласување на интерните акти (Статут, Правилник за организација и Правилник за систематизација на работните места) кај дел од наведените субјекти;
- усогласување на Колективните договори на ниво на гранка, и
- донесување на колективни договори на ниво на работодавач,

а во насока на обезбедување на воедначен пристап при исплата на платите на вработените во Јавните здравствени установи овластениот државен ревизор со писмо број 14 – 392/1 од 22.03.2018 година се обрати до Министерството за информатичко општество и администрација со барање за добивање на повратни информации за исплата на платите на сите категории вработени во ЈЗУ (административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица). И покрај тоа што е доставена ургенција по наведеното барање до денот на известување од оваа ревизија не е добиен одговор.

Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 март 2019 година донесе заклучок и тоа „се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да одговори на Барањето на Државниот завод за ревизија под бр. 14 – 392/1 од 22.3.2018 година, кое се однесува за начинот на исплата на платите во јавните здравствени установи“ и заклучок од седницата одржана на ден 12 март 2019 година и тоа „ Се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за информатичко општество да изнајдат начин / решение за усогласување на утврдените нивоа на работни места утврдени во Законот за здравствена заштита, актите за организација и систематизација на работните места во јавните здравствени установи и Колективниот договор за здравствена дејност“.

До денот на известување од извршената ревизија до Државниот завод за ревизија не се доставени повратни информации по донесените заклучоци.

7.2.На ден 17 април 2018 година склучен е Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија помеѓу министерот за здравство на РМ и претседателот на самостоен синдикат, за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија. Со наведениот анекс се пристапува кон измени и дополнувања меѓу кои и измени и дополнувања на членот 64 од Колективниот договор со кој меѓу другото се брише став 5 кој гласи: „Ако во ист ден се совпадне остварување на право на додаток на плата од став 1 на овој член, работникот има право на исплата на поповолното право зголемено за 8 %“.

Бришењето на наведениот став создава услови вработениот во ЈЗУ да имаат право на зголемување на основната плата и тоа:

- прекувремена работа 29%;
- работа ноќе (помеѓу 22 часот и 6 часот наредниот ден) 50 %;

- работа во три смени 4%;
- работа во организирана единица за итна медицинска помош 8%;

За работа во денови на празници утврдени со Закон работникот има право на додаток на плата што му припаѓа кога тие денови не се работи и плата за поминати часови на работа зголемени за 42%.

Работникот има право на додаток за дежурство во хируршки гранки во износ од 125%, а во другите гранки 105% од саатнината за редовно работно време.

Надоместокот за приправност изнесува и тоа:

- без остварен повик и ангажирање 8% од дневнината од неговата плата, а за остварен повик и ангажирање 113% од неговата плата по час, за времето кога бил ангажиран.

За наведената состојба ревизија не обезбеди разумно уверување за начинот на уредување на поединечните проценти за одредени надоместоци / додатоци и укажува на фактот дека висината на платата потребно е да се уредува преку одредбите кои се однесуваат на основната компонента на платата на вработените а исклучителната компонента од плата која се однесува на претходно наведените одредби потребно е да ги следи процентите во јавниот сектор.

7.3. Во текот на ревизијата со налог број 5 од 10.06.2019 година извршена е корекција на позицијата Материјални средства и Извори на капитални средства, односно се изврши намалување на актива и пасива во Билансот на состојба за 1.311 илјади денари, во корист на иста позиција на билансот на состојба на сметка од сопствени приходи.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 25.364 | 26.790 |
| **Вкупно приходи** | **25.364** | **26.790** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 25.364 | 23.939 |
| Стоки и услуги | 0 | 2.851 |
| **Вкупно тековни расходи** | **25.364** | **26.790** |
| **Вкупно расходи** | **25.364** | **26.790** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

| Опис на позицијата | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 2.507 | 2.075 |
| **Вкупно тековни средства** | **2.507** | **2.075** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 0 | 1.350 |
| **Вкупно постојани средства** | **0** | **1.350** |
| **Вкупна актива** | **2.507** | **3.425** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2.507 | 2.075 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2.507** | **2.075** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 0 | 1.350 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **0** | **1.350** |
| **Вкупна пасива** | **2.507** | **3.425** |